Врз основа на член 15 став (3) од Кодексот за етичко однесување на пратениците во Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 109/2018 и 19/2019) Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 29 јули 2019 година, донесе

Правила за водење на
постапка за утврдување на сторени лесни и тешки повреди и изрекување на мерки утврдени во Кодексот за етичко однесување на пратениците во Собранието на Република Македонија

Член 1

Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Комисијата) е надлежна за утврдување на сторени лесни и тешки повреди и изрекување на мерки утврдени во Кодексот за етичко однесување на пратениците во Собранието на Република Македонија (во натамошниот текст: Кодекс).

Поднесување на пријава и покренување на постапка
Член 2

(1) Постапката за утврдување на повреда на Кодексот започнува со доставување на пријава до Комисијата. Пријава за повреда на Кодексот може да поднесе секој пратеник.

(2) Пријавата се поднесува во писмена форма и мора да содржи: име и презиме на пратеникот-подносител на пријавата, негова контакт адреса, име и презиме на пратеникот на кого се однесува пријавата и образложение на причините поради кои се поднесува пријавата.

(3) Подносителот на пријавата должен е со пријавата да достави и писмени и/или други докази врз основа на кои Комисијата ќе ја оценува основаноста на пријавата.

(4) Анонимните пријави Комсијата не ги разгледува.

(5) Доколку Комисијата утврди дека пријавата не е потполна или не е доволно јасна може да побара подносителот во определен рок да ја допрецизира или да достави дополнителни информации.

(6) Доколку подносителот во дадениот рок не постапи согласно укажувањата на Комисијата, Комисијата нема да ја разгледа пријавата и за тоа писмено ќе го извести подносителот.

(7) Комисијата врз основа на наодите во пријавата и доставените докази може да утврди дека нема повреда на Кодексот, за што писмено го известува подносителот на пријавата.

(8) Доколку Комисијата прими пријава која се однесува на повреда на закон, должна е да го извести подносителот на пријавата дека за таа повреда надлежен е друг орган.

Постапка
Член 3

(1) Комисијата ја спроведува постапката на седница.

(2) На седницата се поканува пратеникот-подносител на пријавата, кој може да ја образложи пријавата. Пратеникот против кого е поднесена пријавата, има право да даде свое мислење на наводите во пријавата. Комисијата може за седницата да покани и сведоци, а по потреба и експерти.

(3) Доколку Комисијата утврди дека нема основ за понатамошно постапување ја запира постапката.

(4) Доколку Комисијата по спроведената постапка утврди повреда на Кодексот, Комисијата може да донесе одлука со која ќе изрече мерка утврдена во Кодексот.

(5) Доколку Комисијата утврди дека наодите на подносителот на пријавата се неосновани и се со цел на политичка дискредитација на пратеникот, на пратеникот - подносител на пријавата ќе му се изрече мерка јавна опомена.

(6) Комисијата е должна да одлучи во рок од 30 дена од денот на поднесување на пријавата.

Член 4

Комисијата согласно Кодексот одлуките од својата надлежност ги објавува на веб страницата на Собранието и води евиденција за изречените мерки.

Член 5

Овие правила ќе се објават на веб страницата на Собранието на Република Северна Македонија, а ќе се применуваат по нивното објавување на веб страницата на Собранието.

Број 30-4312/2
29.07.2019 година
Скопје

ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛКА
НА КОМИСИЈАТА ЗА ДЕЛОВНИЧКИ И
МАНДАТНО-ИМУНИТЕТНИ ПРАШАЊА

Снежана Калеска Ванчева